**М. Соколоски, Дервенџиството во Охридскиот санџак во втората половина од XVI век,** Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, 19 (1967), стр. 169—202

До пред неколку години дервенџиството како институција беше недоволно позната и малку проучена во нашата млада историска наука. Најновиот прилог на Методија Соколоски ги проширува познавањата за споменатата установа. Авторот, користејќи го главно опширниот пописен дефтер № 25 за Охридскиот санџак, најнапред во еден преглед ги прикажал и критички ги осветил дервеџиските односи во Охридско, во Дебарско и во дел од Преспа. Потоа тој ги изнесол задолженијата и давачките на селаните од 33 дервенџиски села. Во статијата се соопштени и некои констатации на авторот во поглед на бројот и паричниот износ на давачките, во поглед на имотно-правните односи, како и во поглед на етничката и верската припадност на дервенџиското население. Притоа заслужуваат внимание забелешките што се дадени во врска со ширењето на муслиманскиот елемент и со процесот на исламизацијата на населението во Македонија.

Во статијата станува збор најмногу за задолженијата на дервенџиите и за олеснувањата што ги имале во поглед на давачките. Статусот на дервенџиите се определувал според положбата на селото, а и според објектот за кој се врзувала дервенџиската служба. Дервенџиите биле задолжени да изградуваат, одржуваат и чуваат мостови и патишта, а и да чуваат дервени и преоди. Во с. Јанборија дервенџиите биле задолжени да го снабдуваат градот Коџаџик секоја година со по 1000 штици и 50 греди. Давачките се собираа во пари и во натурални, па благодарејќи на нив може да се изврши реконструкција на сортите и на раширеноста на земјоделските култури. Освен тоа можат да се согледат и некои други стопански дејности во дервенџиските села.

Статијата содржи и податоци за структурата и за бројот на селското население, потоа за административната поделба на Охридскиот санџак, како и за тамошните комуникации. Големиот број и распоредот на дервенџиските села зборуваат за постоењето на развиена мрежа на патишта. Освен тоа, статијата изобилува и со топоними што можат да им послужат на лингвистите при нивните проучувања, а на антропогеографите при идентификацијата на некои исчезнати населби.

Методија Соколоски со статијата „Дервенџиството во Охридскиот санџак во втората половина од XVI век" дал уште еден добар прилог за познавањето, поправо за раширеноста и функционалноста на дервенџиската установа кај нас.

*Т. Т.*

**Настава историје, Nastava povijesti, Настава по историја, Pouk zgodovine** бр. 1 од 1967 г„ стр. 62 и бр. 2 од 1967/68, стр. 62

По подолго време Сојузот на историчарите на Југославија, во договор со сите републички сојузи на историчарите и заводите за школство, одново го покренува издавањето на списанието по историја — „Историски преглед", под ново име, како што е одбележано во насловот. По самиот наслов може да се види неговата општојугословенска насоченост имено, статиите и останатиот материјал се печати на српскохрватски, македонски и словенечки јазик, односно на јазикот на кој што ја пишувал статијата авторот.

Основна намена на списанието е да даде помош на нставниците во нивната тешка и одговорна работа, а имено да се занимава со проблемите од наставата по историја, со научни резултати од историјата, со формации, воспитни прашања и слично.

Првиот број на списанието излезе во другата половина на 1967 г. а вториот во јануари оваа година. Двата броја содржат по 62 страници.

Првиот број ја донесува следнава содржина: Тези на проблемите на наставата по историја; Анкети за рабо-

тата соизворен текст во класот; Октомвриската револуција како наставна тема; Методската обработка на Октомвриската револуција во основното училиште; Методска обработка на Октомвриската револуција во средните училишта; Плакат и карикатура при обработката на наставата за Октомвриската револуција; Основни проблеми на економскиот и социјалниот развој на СССР од 1920—1941 год. (прв дел); Југословенското прашање и крфската декларација во 1917 год. — резиме и заклучоци; Информации и библиографии.

Првата статија — „Тези за проблемите на наставата по историја", бележи дека наставниците по историја не се сосема оспособени и не се оспособуваат за изведување на современа настава по историја, немаат изграден критериум за принципите за избор на материјал по програмите, за она што треба да биде заедничко или дополнително во историјата на нациите и народностите и др.

Најголемиот дел од материјал во овој број е посветен на јубилејната 50-годишнина од Октомвриската револуција. Од содржината на печатените статии, наставникот може да црпи материјал за формите и методите на организацијата на часовите посветени на Револуцијата, посебно за наставата во основните училишта, а посебно и за средните училишта. Драгоцен материјал може да се исцрпи од статијата „Основните проблеми на економскиот и социјалниот развој на СССР од 1920—1941 г." Во таа статија дадени се и обработени основните факти и обележен е развојниот пат на СССР во сите негови фази за одредениот период. Со тој материјал наставникот би се служел и за подготвување на наставните единици, затоа што е тој актуелизиран и современо пишуван.

Во статијата „Југословенското прашање и крфската декларација од 1917 год.",— факторот Драгослав Јанковиќ ја опишува суштината во врска со настанувањето на југословенската држава, во склоп со проблематиката на периодот од Октомвриската револуција.

Списанието бр. 2 излезе со следнава содржина: Настава Хисторије у стручним школама (Дамјан Лепчески, Хрвоје Матковиќ, Милутин Перовиќ, Љубо Спаравало, Томаж Вебер); Nevezane dežele in miroljubno sožitje — tema obdelana u II razredu poklicne šole Šolskega centra Iskra, Kranj (Stanko Stritih); Како треба организирати рад у разреду на примеру тема: 1. „Од постанка власништва до државе" и 2. „Индустриска револуција"; Основни проблеми економског и социјалног развоја СССР од 1920 до 1941 г., други дио. (Рене Ровленчић); Радништво Војводине у одбрани Мађарске комуне (Данило Кетић); и информации.

Како што се гледа од содржината, овој број со поголемиот дел е посветен на наставата по историја во стручните училишта во Македонија, Хрватска, Србија, Босна и Херцеговина и Словенија, со Преглед на експерименталната програма на југословенскиот завод за проучување на училишните и просветните прашања и заклучоци. Скоро од сите прилози можат приближно да се согледаат заедничките проблеми на наставата по историја во стручните училишта во Југославија. Имено, во заклучоците е одбележано:

Во сите наши републики постојат повеќе варијанти на планови и програми по историја во стручните училишта, и тоа не само поради разните типови на стручни училишта, туку и помеѓу еден тип училиште. Тие временски варираат од една до три, поретко до четири години учење, а содржајно тоа е или целосен курс од национална и општа историја или само историја од XIX и XX век, или историја на работничкото движење и социјализмот, или пак историја на поединa струка (како на пример, привидна историја, историја на медицината и тн.), или е тоа комбинација на историјата од работничкото движење со општественото уредување на СФРЈ, или комбинација пак на некои парцијални социјалистички историски сознанија со податоци за општественото уредување на СФРЈ.

Во рамките на „службено" донесените планови и програми многу училишта вршат свој избор на материјал, или составуваат свој програм, го смалуваат бројот на часовите на наставата по историја или таа настава сосема ја исклучуваат, заменувајќи ја со настава по стручните предмети.

Општо образовното значење на наставата по историја и нејзините цели формирани се декларативно и затоа никого не го обврзуваат.

Поради толкава разнообразност на плановите и програмите, нема доволно учебници што би одговарале на потребите. Во повеќето случаи тие само делумно одговараат на програмата. Највеќе се работи без учебници.

Голем е бројот на неквалификувани и тоа создава додатни тешкотии...

Во понатамошниот текст од заклучоците се одбележани повеќе варијации и предлози во врска со наставата по историја во стручните училишта и на крајот се вели:

Бидејќи програмите не можат да се издвојат од општата структура на училиштата, затоа местото и улогата на наставата по историја во стручните училишта во многу ќе зависи од конечната структура на реформираните стручни училишта. Предлогот на Југословенскиот завод за проучување на училишните и просветните прашања, што е сега во експериментална фаза, доживеа критики во педагошката и широката јавност. Републиките бараат свои решенија, па од приложениот материјал се гледа дека меѓу нив нема координација.

Решенија не можат да се најдат само во структурата на плановите и програмите во стручните училишта, иако тие ја чинат нивната основа. Тие мораат да се најдат во адекватните учебници и во методите на работа, во квалификуваните наставници, во опремата на училиштето, во напорите на секој наставник — се вели на крајот од заклучоците, во врска со наставата по историја во стручните училишта.

Во рубриката — информации даден е преглед на часописи и зборници за историјата на работничкото движење со библиографски прилог и мислења за одредени статии од педагошки списанија, како и инофмации за одделни семинари за наставници по историја.

Карактеристично за списанието бр. 2 е тоа што во него дошла до израз општојугословенската насоченост, имено, во него се печатени статии на македонски, српскохрватски и словенечки јазик, на ќирилица и латиница.

Редакцијата на списанието е составена од историчари од сите републики и покраини, а издавачи се претпријатијата за издавање на учебници: Državna založba — Љубљана, Просветно дело — Скопје, Školska knjiga — Загреб, Завод за издавање на учебници на СР Босна и Херцеговина — Сарајево и Завод за издавање на учебници на СР Србија — Белград. Како што се гледа — еминентна редакција и познати издавачи, што треба да биде еден вид гаранција за квалитетно и редовно излегување на списанието. Колку и да сме доволни од списанието број 1 и 2, сепак очекуваме во наредните броеви да се подобри квалитетот на хартијата, да се збогати бројот на страниците и да се избегне печатењето на статиите на мал проред, бидејќи при читањето доста заморно делува.

Си земаме слобода да искажеме свое мислење дека ова списание треба да го има секој наставник по историја и секое училиште, за да послужи за унапредување на наставата по историја во сите видови училишта.

*Д. Л.*

## История и география (София) 7—8, (1967)

Бугарското методично списание „Историја и географија" бр. 7—8 за 1967 година донесува повеќе прилози за историската настава. *Светла Панова* „Младата гвардија на великиот Октомври". Изнесува за учеството на младите во големата Октомвриска социјалистичка револуција.

*Марин Маринов* „Во победата на Октомвриското вооружено востание" пишува дека Октомвриското вооружено востание е највисока точка во развојот на револуционерната криза во Русија и е резултат на настаните меѓу двете револуции. Ја истакнува улогата на Ленин и на Болшевичката партија како раководител на револуцијата. *Надка Симеонова* во „Активното учество на учениците при изведувањето на методската единица— „Почеток на индустрискиот преврат во Англија" ги истакнува условите за индустрискиот преврат за да докаже дека извршувањето е закономерна, а не случајна појава.